Прес конференција за презентирање на Конечниот извештај
на Коалицијата “Сите за правично судење”

# ГОВОР НА АМБАСАДОРОТ КАРЛОС ПАИШ,
# ШЕФ НА НАБЉУДУВАЧКАТА МИСИЈА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ

Дами и господа, претставници на медиумите, судството и невладините организации, најнапред би сакал, во име на ОБСЕ, да ја изразам нашата благодарност и да и честитам на Коалицијата “Сите за правично судење” За целосното спроведување и завршување на Проектот Мрежа за набљудување на судења, поддржан од ОБСЕ и СОРОС.

Членовите на Мрежата и нејзините набљудувачи коишто беа вклучени во овој амбициозен проект, покажаа високо ниво на мотивираност, способност и заложба во набљудувањето на судењата, пишувањето на извештаите и обработката на големиот број информации кои произлегуваа од тие извештаи. Нивната упорност и професионалност им помогнаа да ги надминат бројните пречки кои се вообичаени за ваквите нови амбициозни програми. Овој конечен извештај е кулминација на тие напори и на судските лица им нуди објективни информации со кои би се деполитизирале чувствителни прашања и би се идентификувале вистинските проблеми својствени за постоечкиот судски систем. Тој исто така нуди и конкретни препораки и решенија.

Читајќи го извештајот, забележав дека според наодите, судството воглавно доволно ги почитува меѓународните стандарди за правично судење, вклучувајќи го и правото на молчење и правото на одбрана. Сепак, исто така видов дека иако оваа земја има одговорност да го организира правниот систем да овозможува судења во разумен временски рок, наодите во извештајот покажуваат дека судството најчесто не го почитува овој стандард. Резултатите во извештајот ова го покажуваат во голем број на области, вклучувајќи го и честото одложување на судења, времетраењето меѓу одложувањата и времетраењето меѓу поднесувањето на тужбата до судот и нејзиното доставување до обвинетиот. Јасно е дека главна цел на процесот за реформи во судството мора да биде подигнување на нивото на почит за правото на судска постапка во разумен временски рок.

Со оглед на ова, ОБСЕ го поздравува формирањето на судската работна група, како што спомена и г-ѓа Шијакова, поради две причини. Прво, таа ќе осигури овој проект да продолжи и да постојат поголеми можности за спроведување на препораките содржани во конечниот извештај. Второ, ова е одличен пример за соработка меѓу судството и граѓанското општество - ваквата соработка може да има клучна улога во градењето на јавна доверба во судството.

Ми претставува задоволство да ви предочам уште нешто што на овој проект му дава поширок, меѓународен контекст. Работата на оваа Коалиција е признаена од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ во Варшава. Оваа канцеларија одлучи да ја употреби Коалицијата како модел за вакви слични напори на други места во регионот каде ОБСЕ е активна, и претстојните обиди во Казахстан и Киргистан ќе се темелат на “македонскиот модел”. Ова е

значителен развој кој покажува големо достигнување на граѓанското општество во оваа земја, и особено на работата на Коалицијата. Тие треба да бидат многу горди.

Во текот на изминативе 2 години, Коалицијата "Сите за правично судење" покажа дека има исти цели како ОБСЕ во врска со поголемо почитување на стандардите за правично судење и придонесување кон долготрајниот мир и стабилност на земјата. Дозволете ми уште еднаш да ви честитам за вашите напори и постигнатите резултати, и да ви посакам натамошен успех во вашите идни активности и проекти во 2005-та година.

Ви благодарам на вниманието.